Јавна здравствена установа Специјализирана
болница за геријатриска и палијативна медицина
13 НОЕМВРИ
Бр. 05-767/12 год.
26.03. 2019 год.
СКОПЈЕ

Трговско друштво за компјутерски инженеринг
СЕМОС ДОО
Бр. 03-61
26.03.2019 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

**За Јавна Набавка на Услуги за сервисно одржување на инсталиран функционален апликативен софтвер за болничко работење**

Склучен на ден 26.03.2019 година помеѓу:

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември" – Скопје**, со седиште на ул. Борис Сарафов бр.129 Скопје Ѓорче Петров, претставуван од ВД Директорот Д-р Салија Љатиф Петрушовска (во понатамошниот текст: Договорен орган) од една страна,

и

2. **СЕМОС ДОО Скопје**, со седиште на Бул. Кузман Јосифовски Питу бр.19 локал 6 Скопје, со ЕМБС: 5055857 и со ЕДБ: 40309958201560, застапуван од Одговорно лице – Герасим Ванчев (во понатамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна.

## II. ДЕФИНИЦИИ

**Член 1**

Одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат значењето согласно Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр. 136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 160/2013, 28/2014, 43/2014, 130/2014, 180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016, 120/2016 и 165/2017).

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој Договор е уредувањето на правата и обврските помеѓу **ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември" – Скопје** од една страна како Договорен орган и **СЕМОС ДОО Скопје** од друга страна како Носител на набавката, а кои произлегуваат од склучувањето на овој Договор за јавна набавка на **Услуги за сервисно одржување на инсталиран функционален апликативен софтвер за болничко работење** за потребите на договорниот орган.

Договорот се склучува врз основа на прифатена понуда број 05-767/4 од 18.03.2019 година поднесена од понудувачот (носител на набавката) врз основа на поканата за поднесување на понуда број 05-767/3 од 13.03.2019 година, и Одлуката за избор на најповолен понудувач број 05-767/10 од 18.03.2019 година, донесена од Одговорното лице на Договорниот орган.

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОР

**Член 4**

Единечната цена и вкупната цена на предметот на набавката е содржана во табелата во прилог:

| Р.б | Назив(опис) на услугата | ЕМ | Количина | Единечна цена без ДДВ | Единечна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Превентивно одржување со вклучена корисничка поддршка (најмногу 20% од вредноста на софтверот со сите надградби, односно 249.740,00 денари без ДДВ, за една година) секоја понуда за превентивно одржување која ќе ја има над претходно наведената ќе се смета за невалидна. | Месечно | 12 | **20.811,00** | **24.557,00** |
| | | **Вкупен износ без ДДВ** | | **249.732,00** | |
| | | **Вкупен износ со ДДВ** | | **294.684,00** | |

Вкупната вредност на предметот на овој договор изнесува **249.732,00** денари без ДДВ, односно **294.684,00** со вклучен ДДВ, а вредноста на дадените услуги предмет на овој Договор изнесува **20.811,00** денари месечно без пресметан ДДВ, односно **24.557,00** со пресметан ДДВ.

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на носителот на набавката ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**VI. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 5**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши **вирмански на 12 еднакви рати, по доставување на месечна фактура со рок на плаќање од 30 дена.**

**Денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган ќе се смета како ден, односно како дата за пресметување на валутен рок за плаќање на фактурата.**

**VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 6**

Договорот се склучува на определено време за период од 1 (една) година од денот на склучувањето. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорни страни.

Овој Договор се смета за реализиран по истекот на неговото времетраење.

**VIII. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА**

**Член 7**

При изготвување на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште и даночен број;
- број и датум на Договорот склучен за предметната набавка;
- количини со опис на услугите,
- единечни договорени цени на секоја од услугите;
- вкупни цени по услуги;
- вкупна цена на фактурата;
- валута на плаќање

Во колку фактурата ја нема во прилог пропратната документација истата ќе му биде вратена на Носителот на набавката на докомплетирање.

## IX. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 8**

Договорниот орган се обврзува да му овозможи слободен пристап на персоналот на Носителот на набавката да може да изврши непречна инсталација на апликативниот софтвер предмет на овој договор.
Договорниот орган се обврзува дека ќе се придржува кон упатствата и нормите за употреба и ракување со апликативниот софтвер добиени од Носителот на набавката.
Договорниот орган се обврзува да назначи овластено лице за контакт со Носителот на набавката.

**Член 9**

Договорниот орган се обврзува дека на персоналот на Носителот на набавката ќе му ги завери работните налози и службената документација, која се однесува на обврските кои произлегуваат од овој договор.

## X. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 10**

Носителот на набавката има обврска да го одржува апликативниот системски софтвер, со искусни и стручни лица во исправна состојба, спремна за нормално користење, а за сите недостатоци, застои и дефекти ќе интервенира, односно **должен е да отпочне со извршување на услугите - предмет на договорот во рок од 5 часа од повикот од страна на договорниот орган, на локација на договорниот орган, на ул. Борис Сарафов бр. 129, Ѓорче Петров, Скопје и на ул. Лавчански пат бб Битола.**

**Носителот на набавката е должен да го врши следново:**

Економскиот оператор има обврска да врши превентивно одржување на апликативниот софтвер и тоа:

- Функционално одржување на софтверот, отстранување на програмски грешки и дијагностика на грешки,

- Едукација на вработените за правилно користење,

- Средување на податоци поради грешка на вработените,

- Консултации во врска со настанати проблеми во секој од програмите,

- Превентивни посети со цел рано детектирање на евентуално настанати проблеми,

- Едукација на одговорното лице на корисникот да може да врши бекап (заштита на податоци),

- Отстранување на сите системски проблеми со мрежното поврзување и оперативните системи.

**Член 11**

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата предмет на договорот во просториите на ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември" – Скопје на локација на Договорниот орган, ул.Борис Сарафов бр.129 Ѓорче Петров, Скопје и Оддел за палијативна медицина Хоспис Сју Рајдер Битола на ул. Лавчански пат бб Битола.

**XI. ПРИЈАВУВАЊЕ НА ДЕФЕКТИ**

**Член 11**

Во случај на откажување на системот или компонента од системот, Договорниот орган го известува Носителот на набавката за настанатиот дефект. По приемот на пријавата за настанатиот дефект, Носителот на набавката ќе постапи согласно член 10 од овој Договор.

Договорниот орган го пријавува дефектот преку телефон или e-mail на овластеното лице од Носителот на набавката и од тогаш започнува да тече рокот за отстранување на дефектот. Договорниот орган е должен уредно да го отвори и пополни работниот налог во делот ПРИЈАВА НА ДЕФЕКТ

**XII. ТАЈНОСТ НА ДОГОВОРОТ И ПОДАТОЦИТЕ**

**Член 12**

Договорните страни се согласни дека овој договор и прилозите кон истиот се сметаат за доверливи, поради што ниедна од договорните страни без согласност на другата страна нема да ги соопшти, предаде или на било кој друг начин стори достапни на трети лица, освен на лица и органи во мера во која е тоа потребно за извршување на овој договор, и тоа во границите во кои тоа го налагаат законот и прописите на Република Македонија.

Не се дозволува целосно или делумно изнесување на единиците и back up траките без писмена согласност на овластеното лице на Договорниот орган.

**XIII. ВИША СИЛА**

**Член 13**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на предметниот Договор доколку до истото дојде како последица од настапување на услови на **виша сила**.

Како случај на дејствување на виша сила се сметаат сите случаи предвидени во законот за облигациони односи.

По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорот.

**XIV. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 14**

При евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од толкувањето и извршувањето на овој Договор, договорните страни ќе се обидат да ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат во рок од 15 (петнаесет) дена, спорот ќе се решава пред надлежниот суд.

## XV. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 15**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## XVI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 16**

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

## XVII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

Измените и дополнувањата на текстот на овој договор можни се само со претходна согласност на двете договорни странки и под услови предметните измени да се дозволени со важечките прописи на Република Македонија.

**Член 18**

Овој договор е составен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои секоја договорна страна задржува по 2 (два) и стапува во сила со денот на неговото склучување.

Секој уредно потпишан примерок од овој договор има значење на оргинал и произведува подеднакво правно дејство.

За Договорен орган
ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска ипалијативнамедицина„13Ноември"–Скопје
ВД Директор
Д-р Салија Љатиф Петрушовска

За Носител на набавката
Одговорно лице
СЕМОС ДОО Скопје
Герасим Ванчев